ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 04-____________
15-02-2024 2024 год.
Скопје

Врз основа на член 12 став 4 точка 13 од Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија-пречистен текст („Сл. весник на РСМ" бр. 178/19), а во врска со член 8-а став (1) алијена 4 од Изборниот законик („Сл. весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр.98/19,42/20 и 74/21), Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ
**за ставање во мирување на започнатата постапка за засновање на работен однос на определено време од 1 (една) година**

1. Постапката за засновање работен однос на определено време од 1 (една) година по Јавен оглас бр. 01/2024 објавен на 09.02.2023 година, во дневните весници Нова Македонија и Коха, за потребите на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.**

2. За продолжување на постапката од точка 1, ќе се донесе посебно Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во членот 8-а став (1) алијена 4 од Изборниот законик, е утврдено дека: „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи".

**ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**В.Д. ДИРЕКТОР/ U. D. DREJTORI,**
**Dr. Asaf Abduramani**

Изготвил: Радица Димовска
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Fatime Idrizi
Лекторирал: Виолета Ташаминов

Доставено до: Архива


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk
[1] 04-3232/1 [2024]